Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

## - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО -

**Оддел за административни и помошно-технички работи**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа
IP Qendra ndërkomunale për punë sociale
Бр.-Nr. 04-204
26-01-2024 202 __ год.-viti
ТЕТОВО TETOVË

Врз основа на член 193 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 32, 33, 34, 35, 36 и 37 од Статутот на Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа-Тетово, Директорот на Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа –Тетово на ден 26.01.2024 година објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
### за формирање Совет на корисници

Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа-Тетово врз основа на член 34, став 1 од Статутот на Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа-Тетово објавува јавен повик за формирање Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 34, став 2 од кој за член на Советот на корисници да биде избрано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на Установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителско право
- кратка биографија
- мотивационо писмо

При поднесување на апликацијата лицето кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на Установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- државјанство

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО -

**Оддел за административни и помошно-технички работи**

На член на советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот доколку го изгуби статутот на корисник на право или услуга од надлежност на Установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на Установата
- предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и Управниот одбор за другите прашања што се од интерес за корисниците на Установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловник за работа на Советот на корисници.

Јавниот повик за формирање Совет на корисници се објавува на веб страната на Установата и на огласна табла во Установата.

Рокот за доставување на потребната документација како доказ за исполнети услови за член на Советот на корисници изнесува 7 (седум) дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.

Заинтересираните кандидати, потребната документација треба да ја достават во хартиена форма во архивата на Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа - Тетово или по пошта на адреса: Јавна установа Меѓуопштински Центар за социјална работа - Тетово ул."121" бр. 2 –Тетово.

Кандидатите се должни на ковертот да наведат: "Јавен повик за формирање Совет на корисници"

Ненавремено доставена документација нема да се реазгледува.

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – IP Qendra ndërkomunale për punë sociale – TETOVË – ТЕТОВО

Директор

Весна Аврамоска